**Organization for Security and Co-operation in Europe**
Office for Democratic Institutions and Human Rights

Ul. Miodowa 10
00-251 Warsaw, Poland

Tel: +48 22 520 06 00
Fax: +48 22 520 06 05

E-mail: bpri@odihr.pl
osce.org/odihr

# Извештај од округлата маса за домување на Ромите

12-13 септември 2012

Загреб, Хрватска

## За проектот

“Најдобри практики за интегрирање на Ромите” (BPRI) е регионален проект на Западен Балкан. Целта е да се придонесе кон интегрирањето на Ромите во земјите од регионот и Косово*, одразувајќи ја посветеноста која тие ја имаат направено во поглед на нивното можно пристапување кон ЕУ и како земји-членки на ОБСЕ. Овој проект е финансиран од Европската унија (90%) и земјите-членки на ОБСЕ (10%).

Владите, невладините организации и ромското граѓанско општество на Западен Балкан, како дел од Акцискиот план за Роми и Синти на ОБСЕ, Декадата за вклучување на Ромите и стратегиите на националните влади за интегрирање на Ромите, работат заедно на унапредувањето на социјалната инклузија на Ромите и борбата против нивна дискриминација.

Генералниот директорат за проширување на ЕУ одржа неколку конференции за Ромите на високо ниво, во кои беа вклучени сите влади од регионот, што доведе до серија на заклучоци и обврски. Доколку Ромите треба да добијат вистински придобивки од нив, владите ќе треба да ги зајакнат своите заложби и да изнајдат иновативни решенија. Организациите на граѓанското општество, и особено ромските НВОи, ќе треба да продолжат да се застапуваат за реформи, да предлагаат повеќе инклузивни решенија и да ја подигаат свеста за состојбата на ромското малцинство.

Овој процес ќе биде поддржан преку проектот BPRI со промовирање на иновативни програми и олеснување на соработката помеѓу локалните и националните влади, независните институции и граѓанското општество. Домувањето е една од петте области на кои ќе работи проектот BPRI, и тоа на: 1. Учество во јавниот и политичкиот живот и носењето одлуки; 2. Пристап до правна помош; 3. Подобрување на животните услови; 4. Борба против дискриминацијата и унапредување на видливоста во ромските заедници; и 5. Регионална соработка.

## Цели на округлата маса

Целта на округлата маса е да се поддржат владите и граѓанското општество за да се подобрат националните и локалните механизми за легализација и подобрување на ромските населби. Бидејќи легализацијата и подобрувањето не се остварлива опција во сите населби, на округлата маса, исто така ќе бидат истакнати и потенцијалните врски со развојните иницијативи за социјални станови. Преку заедничка работа на експертите од министерствата и општините кои работат во областа на домувањето, на оваа округла маса ќе:

- Се промовира размената на искуства со разни модели за подобрување на домувањето;

* Ваквото назначување не е на никаква штета на позициите за статусот, и е во согласност со UNSCR 1244/99 и мислењето на ICJ за прогласувањето на независност на Косово.

- Се подигне свеста за развојот на социјалните станови и остварувањето на правата за домување;
- Се разгледаат предизвиците за интегрирање на Ромите во однос на развојот на домувањето.

## Учесници

Учесници на округлата маса беа претставниците од повеќе од 20 општини од Западен Балкан, вклучително и ромските координатори и референти каде што е применливо, 7 министерства кои се одговорни за просторно планирање и/или малцински права, асоцијации на општини, невладини организации и други експерти кои работат на прашањата на домувањето

## Основни информации

Работната дефиниција на ОБСЕ за бесправно изградени диви населби е "било која населба каде домовите се изградени без потребните дозволи или сопственичко право за користење на земјиштето."."[1] Прашањето за легализација на неформалните ромски населби е едно од најнеодложните загрижености кои се идентификувани во *Акцискиот план на ОБСЕ за подобрување на состојбата на Ромите и Синтите во рамки на областа на ОБСЕ од 2003.*[2] Во повеќето јуриздикции во регионот на Западен Балкан, поседувањето на законски регулирано живеалиште претставува предуслов за исполнување на други права. На Ромите кои живеат во неформални населби им недостасува оправдан пристап до земјиштето и имотот кој го користат, и оттаму тие се подложни на присилно иселување. Исто така, тие се соочуваат со тешкотии во пристапот до матичната евиденција на граѓаните, образованието и други јавни услуги. Разрешувањето на прашањата поврзани со домувањето и населбите е неопходно за да се спречи социјалната маргинализација и исклученост.

*Развојот на домувањето и подобрувањето на населбите во рамки на ромските населби треба да се спроведуваат согласно на 10 заеднички основни начела за инклузија на Ромите, кои меѓу другото вклучуваат и користење на инструментите на Европската унија и активно учество на Ромите.*

Неформалните ромски населби се присутни во сите јуриздикции на Западен Балкан. Во 2002, мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина идентификуваше околу стотина неформални ромски населби, во повеќе од триесет општини, со вкупно население од околу 22,000 лица. Во Србија, од околу 590 ромски населби, се проценува дека 35% од нив се диви градби, додека пак дополнителни 35% се комбинација од законски и бесправни (диви) изградени населби.[3] Меѓутоа, во повеќето јуриздикции, нема на располагање прецизни податоци за бројот на ромски населби и за животните услови во нив.

## Резиме на презентациите

- *Легализација на (ромските) живеалишта со закон и во пракса*, г-дин Жарко Хаџи-Зафиров, Македонска асоцијација на млади правници, поранешна Југословенска Република Македонија

  Растот на бројот на бесправни градби во текот на последните две децении и инфраструктурните проблеми доведоа до тоа владата да го усвои Законот за постапување со бесправно изградени градби во 2011. Крајниот рок за поднесување на пријава за легализација беше 6 месеци од датумот на стапување во сила на законот. Во текот на овој период (март - септември 2011), беа поднесени 353,800 барања за легализација (20% во Скопје).

[1] Мисија на ОБСЕ во Босна и Херцеговина, *Извештај за ромските неформални населби во Босна и Херцеговина*, 2003, стр. 3. http://www.osce.org/node/14860.
[2] ОБСЕ Акциски план за подобрување на состојбата на Ромите и Синтите во рамки на областите на ОБСЕ http://www.osce.org/odihr/17554.
[3] Насоки за подобрување на легализацијата на неформалните ромски населби. http://www.romadecade.org/files/downloads/14th%20ISC/Guidelines%20ISC%204-5%20Sept%2008%20Macura.pdf.

Барањето за легализација мора да се поднесе заедно со државјанство или копија од лична карта, како и доказ за приклучок кон јавните комунални услуги (електрична струја, водовод, итн). Или, доколку не може да се обезбеди доказ за приклучок за комунални услуги, апликантот мора да обезбеди изјава заверена на нотар со која се потврдува дека објектот бил изграден пред да стапи во сила законот.

Во општините со голема ромска популација (имено Шуто Оризари, Штип, Прилеп и Куманово), беа добиени околу 45,800 апликации (околу 13% беа одобрени). Учеството на Ромите во процесот на легализација веројатно беше попречен од високата цена на геодетскиот елаборат (100 евра во споредба со просечната социјална помош во износ од 25 евра во месецот), нерегулирани сопственички права на земјиштето и недостиг на друга документација (т.е. платени сметки за користење на комуналните услуги).

- _Обезбедување на интегрирање на Ромите во социјалните станови_, г-дин Марко Цановиќ, помошник министер, Министерство за туризам и одржлив развој, Влада на Црна Гора

Владата на Црна Гора моментално работи на нацрт Законот за социјални станови –јавната дебата е во тек, со надеж дека законот ќе биде донесен по изборите закажани на 14 октомври. Корисниците на социјални станови се луѓе кои не можат да си дозволат да купат стан по пазарни цени. Меѓутоа, се водат дискусии за тоа дали Ромите треба да се споменат во законот како посебна целна група. Идејата за социјални станови не е нова иницијатива во Црна Гора, но целата е со нацрт законот да се обезбеди посилна законска рамка и регулатива.

Покрај изградбата на нови социјални станови, нацрт законот исто така предвидува и други мерки како што се субвенции за купување станови, давање под наем по цени кои се пониски од пазарните цени, долгорочни кредити за кооперации или јавно-приватни партнерства, итн.

Развојот на Националната програма за социјални станови и локалните програми се предвидени како метод за планирање на буџетските ресурси. Нацрт законот предвидува основање на агенции за домување кои ќе ги одржуваат социјалните станови, ќе ги дефинираат критериумите, итн. и ќе биде дадена можност на неколку општини заеднички да основаат таква агенција.

Црна Гора, исто така, учествува во процесот Сараево кој започна во 2005. Владата предложи проекти за населбата Коник во Подгорица, во кои се вклучени 90 единици за домување.

Банка штедилница за домување беше основана со една италијанска задруга. Луѓето ќе можат да штедат пари одреден временски период и потоа да добијат кредит со ниска каматна стапка за да купат или опремат стан. Овој тип на иновативно решение е неопходен бидејќи на луѓето им се потребни 2.5 просечни плати за да купат 1m$^2$ во Црна Гора. Повеќето луѓе не можат да си дозволат кредити по пазарните стапки. До сега, социјални станови се обезбедени на 430 семејства (1,100 луѓе).

Владата на Црна Гора е исто така активна на планот на легализацијата. Проценките кажуваат дека во земјата има 100,000 бесправни градби. Сеизмичката стабилност на овие објекти е една од најголемите загрижености. Законот за легализација беше поврзан со орто снимка со која беше поставена основата – се што било изградено по тој момент (оттаму, и не прикажано на снимката) не може да се легализира. Дозволениот временски период за поднесување на барање за легализација е 9 месеци. Апликантите може да платат за земјиштето на рати во период од 20 години за примарно живеалиште (10 години доколку тоа не е примарно живеалиште). Општините ќе добијат заем врз основа на овој систем и ќе ја градат потребната инфраструктура.

- _Предизвици во урбанистичкиот развој и интегрирањето на Ромите_, г-ѓа. Светлана Ристиќ, советник, Министерство за градба и урбанистичко уредување, Влада на Србија

Во 2002, Владата на Србија нарача изработка на една истражувачка студија за ромските населби во земјата. Во овој извештај[4] беа идентификувани 593 населби со 247,591 **жители** (вклучувајќи 19% **внатрешно раселени лица**). 4.7% од населбите беа идентификувани како

[4] Б. Јакшиќ и Г.Башиќ, _Ромски населби, Животни услови и можности за интегрирање на Ромите во Србија_, 2002.

субстандарни (43.5% ‘’нехигиенски’’ и 41.2% делумно опремени). 19% од објектите за домување беа категоризирани како “непогодни за живеење”.

Рамката на политики во Србија се развиваше од усвојување на Националниот акциски план за домување на Ромите во 2005 до *Инструкции за легализација и подобрување на ромските населби* од 2007, а кулминираше со усвојувањето на Националната стратегија за подобрување на положбата на Ромите во 2009 (вклучително и ажуриран акциски план за домување). Стратегијата предвидува цели кои вклучуваат реконструкција и легализација на ромските населби, пошироко интегрирање на ромските заедници, континуирано подобрување на рамката на политики, итн.

На локално ниво, владата го финансираше развојот на 10 планови за детално регулирање во 8 единици на локалната самоуправа. Четири плана се усвоени (во општините Србобран, Књажевац, Опово и градот Ниш), три од плановите се ревидираат и три се во подготовка. Владата ќе продолжи да обезбедува финансиски средства за подготовка на техничката документација (поделба на земјиштето на парцели, инфраструктурни проекти, итн.), во општините кои имаат усвоени акциски планови. Меѓутоа, постои недостиг од интерес за овој процес од страна на некои општини.

Поддршката, исто така ќе продолжи преку ИПА 2012, што ќе овозможи развој на просторна база на податоци за ромските населби, ќе се продолжи финансирањето на урбанистичките планови и техничката документација како предуслов за легализација, и ќе се обезбедуваат обуки и подигање на свеста за важноста на легализацијата. Приоритет се дава на проектите за домување кои вклучуваат само-помош за изградба. Онаму каде легализацијата не е возможна, ќе се спроведува повторно основање на населби и градби/адаптирање на становите.

Придобивките од легализацијата вклучуваат:

- Општините кои ги имаат усвоено урбанистичките планови, создадоа услови за привлекување на дополнителни средства за инфраструктурни проекти;
- Процесот на легализација ги создава основните услови за обезбедување на поддршка за домување на поединечни домаќинства/семејства;
- Процесот на легализација, исто така ги охрабрува домаќинствата да работат поактивно на нивната состојба со домувањето (се зголемува чувството на сопственост врз проектот);
- Легализацијата ги намалува изворите на конфликт и социјалните односи стануваат постабилни;
- Легализацијата овозможува развој на долготрајни и одржливи решенија.

Неодамна, градот Белград започна со раселување на ромските населби од централните локации (под мостот Газела и во соседството Белвил). Подготовката за изградба на трајни решенија за домување за овие раселени семејства е во тек, но постои недостиг од адекватни урбанистички планови и бесплатно и опремено земјиште за овие градби. Покрај тоа, неопходно е на овој процес на раселување на населбите да му се пристапи како на сеопфатен процес – вклучително и пристап до вработување, образование и здравствена заштита – со цел да се обезбеди долгорочен успех.

❖ *Користење на ИПА фондовите за да се надгради инфраструктурата во ромските населби: примерот на Меѓумурје*, г-дин Алекса Ѓокиќ, раководител на одделение, Канцеларија на владата за национални малцинства, Влада на Хрватска

Во 2005, владата спроведе истражување и објави два извештаи за Ромите[5]. Во анкетата за домаќинствата од 2011 беше утврдено дека Хрватска е земја со најголем диспаритет помеѓу пристапот на општата популација и на Ромите до подобрена канализација и подобрено водоснабдување.

Рамката на политики ја вклучува Националната програма за Роми (2003) и Акцискиот план за Декадата на Ромите (2005) со поглавја за домување (главно фокусирани на куќи во приватна сопственост). Потоа следуваат околиските планови за подобрување на состојбата со

[5] Локации населени од Роми – *моментални услови и развојни можности за населбите и подобрување на условите за домување и Животот на Ромите во Хрватска, Загреб*, 2005.

домувањето - сите 14 околии ги подготвија своите планови во периодот од 2005 до 2010, а активностите сега се главно во рацете на локалната самоуправа.

Министерството за градежништво и просторно планирање обезбеди финансиски средства за 14 урбанистички планови досега и го донираше земјиштето на општините кои потоа го пренесоа на Ромите сопственици на куќи. Ромите беа ослободени од парични казни за бесправните градби и им беа дадени кредити со ниски камати за да се приклучат на комуналните услуги. Неодамна беше донесен нов Закон за легализација.

На планот на социјалните станови, недостигот на национална стратегија/закон на некој начин се компензира со неколку примери за програми за домување, со што се задоволуваат потребите на лицата кои се во ризик од социјална исклученост (Ромите не се експлицитно споменати). Исто така, поддршка им се обезбедува на единиците на локалната самоуправа, во соработка со социјалните служби и ромските совети/НВОи, вклучително и субвенции за наемнина, загревање, водоснабдување, отпад, и основни поправки.

Кога фондовите на ИПА се користат за проекти за домување, неопходно е буџетот и активностите да се планираат однапред и детално. Само овој пристап ќе помогне да се минимизираат непланираните трошоци, кои мора да ги покријат локалните или националните влади. Ако се погледнат проектите на PHARE и IPA во Хрватска, може да се забележи напредок во минимизирањето на непланираните трошоци:

| | **Фондови на ЕУ (евра)** | **Придонес од Хрватска (евра)** | **Други трошоци (Хрватска, евра)** |
|---|---|---|---|
| PHARE 2005 | 470,000 | 157,000 | 700,000 |
| PHARE 2006 | 2,472,000 | 975,000 | 400,000 |
| IPA 2008 | 1,971,000 | 733,000 | 215,000 до септември 2012 |
| IPA 2012 | 900,000 | 100,000 | Останува да се види |

Општините, исто така имаа пристап до фондовите за прекугранична соработка и треба да ги користат за градење на капацитетите за развој и имплементација на проекти. По пристапувањето, многу повеќе фондови ќе бидат на располагање, но капацитетот за апсорбирање во повеќето земји е низок, особено на локално ниво и во неразвиените области.

- *Соработка со граѓанското општество на Ромите, Ашкалиите и Египќаните за програми за домување/иселување*, г-дин. Арсим Ниманај, заменик програмски директор, Европска унија-Митровица, Иницијатива за поддршка на Ромите, Ашкалиите и Еѓипќаните (EU-MRSI), Mercy Corps

Целите на овој проект е преселување на до 90 RAE семејства од контаминираните кампови на *Cesmin Lug* и *Osterode* во (поранешната) населба Roma Mahalla во јужна Митровица и трајно затворање на двата кампа. Домувањето е една од шесте компоненти на проектот – покрај компонентите за образование, економски развој, здравствена заштита, итн. Советодавна група за кампот беше основана од страна на општината, Mercy Corps, UNHCR, OSCE, лидерите во заедницата и Центарот за документација на Ромите и Ашкалиите.Тие се согласија дека претпочитаат да се градат куќи лепенки наместо станбени згради. Врз основа на прирачникот за одржливо враќање[6], беа изградени куќи лепенки со различна големина (со додавање на една поголема од 95m$^2$).

Земјиштето беше распределено на општината Митровица и тристран договор за користење беше потпишан за 99 години. Покрај тоа, Mercy Corps потпиша Меморандум за соработка со општината, во кој се дава преглед на соработката во рамките на овој проект. Еден важен аспект од проектот беше изборот на правилна локација за населбата – 5 минути пеш од центарот на Митровица.

[6] Министерство за заедници и враќање, *Прирачник за одрживо враќање*, ревидиран во јули 2006, http://www.mkk-ks.org/?page=2,42&archive=true.



Уривањето во тек



Населбата Roma Mahalla во јужна Митровица

## Терenски посети

*Средба со градоначалникот на околијата Меѓумурје и посета на ромската населба*

Околијата Меѓумурје е дом на најголемата ромска популација во Хрватска. Се проценува дека околу 11% од популацијата во околијата се Роми. Околијата Меѓумурје идентификуваше дека поголемиот дел од ромската популација живее во несоодветни услови: или како резултат на недостиг на инфраструктура во ромските населби или недостиг на услови во поединечните куќи.

Заедно со владината канцеларија за национални малцинства, околијата Меѓумурје обезбеди финансиски средства за бројни проекти за инфраструктура и домување, вклучително и:

- “Реконструкција на инфраструктурната мрежа (вода, канализација и електрична енергија) во населбата Параг” (PHARE 2005);
- “Реконструкција на инфраструктурната мрежа во населбите Прибиславец, Пишкоровец и Лончарево” (PHARE 2006);
- “Реконструкција на инфраструктурните мрежи во населбите Ораховица и Ситнице и почеток на процесот на легализација” (IPA 2008).



Учесници на округлата маса за време на посетата на градот Сисак, Хрватска

Сите три проекти имаат за цел да се подобри животниот стандард во ромските заедници во околијата Меѓумурје и понатамошно интегрирање и инклузија на Ромите.

*Средба со градоначалникот на Сисак и посета на ромската населба*

Во 2005, населбата *Цапрашке полјане* во градот Сисак беше неформална ромска населба, изградена на земјиште во сопственост на хрватската компанија за шумарство. Тоа беше јавно урбанизирано земјиште, кое не било планирано за станбена намена. Со цел да се обезбеди одржливо решение за домувањето на 150 ромски семејства кои *Цапрашке пољане* го имаа направено свој дом, градот Сисак се застапуваше за префрлање на земјиштето под ромската населба од Република Хрватска на градот Сисак.

Притоа беше спроведена социолошка студија, која се фокусираше на ромското население кое живее во градот Сисак, како и во населбата *Цапрашке полјане*. Оваа студија беше основа за да се поднесе барање за пренесување на сопственоста на земјиштето на кое се наоѓаше земјиштето, и

тоа од државата на општината. По пренесувањето на сопственоста, општината усвои нов детален урбанистички план. Градот го пренамени земјиштето од јавно урбано во нејавно земјиште за домување. Општината инвестираше 900,000 куни за оваа активност (околу 120,000 евра). Една од главните причини заради кои оваа заложба беше успешна е доброто познавање на законската рамка од страна на вработените во општината.

Тоа на градот му овозможи да обезбеди формален пристап до инфраструктурните услуги како што се вода, електрична енергија и собирање на ѓубре. Покрај тоа, еден од вработените во општината се концентрира на работата со ромската заедница. Општинските власти спроведуваат активности за информирање на населението и остваруваат директни контакти со лидерите од ромската заедница.

Во моментов, жителите на ромската населба во Сисак треба да се пријават за легализација. Тоа не можат да го направат општинските власти – тоа е нешто што Ромите треба да го направат самостојно. За жал, многу е ниска стапката на поднесени пријави од страна на ромската заедница, и самите пријави се подготвени на незадоволително ниво. Од Ромите ќе биде побарано да го купат своето земјиште за да можат да се стекнат со право на сопственост.

## Резиме на препораките од Европската комисија за подобрување на домувањето на Ромите[7]

Генералниот директорат за проширување на ЕУ одржа голем број на конференции на високо ниво за Ромите, во кои беа вклучени сите влади од регионот, од каде произлегоа серија на заклучоци и обврски. Иако препораките се прилагодени на состојбата во секоја од јуриздикциите, во резимето подолу наведени се прашања кои се релевантни за владите ширум регионот на Западен Балкан:

*Легализација*

- Неформалните населби треба да се вклучат во општинските просторни планови.
- Административните оптоварувања и давачки за добивање на потребната документација за легализација не бесправните градби треба да се укинат за социјално ранливите лица.
- Обезбедувањето на земјиште за трајно основање на правни населби и/или да се легализираат таканаречените "бесправни населби" треба да се гарантира од страна на општините.
- Ромската заедница треба да биде подобро информирана за неопходните процедури од Законот за легализација на бесправни објекти/живеалишта[8]. Катастарот и ромските НВОи треба да организираат работилници за подигнување на свеста во ромските заедници.

*Преместување на друга локација*

- Локалните власти треба систематски да ги организираат консултациите со засегнатите заедници пред да се спроведе преместувањето на друга локација или законско иселување на неформалните населби.
- Во случај на законско иселување, локалните власти треба да имаат обврска да обезбедат замена за сместувањето на сите засегнати лица.

[7] Врз основа на последователните точки кои беа идентификувани на семинари на високо ниво кои беа одржани од Pierre Mirel, Генерален директорат за проширување, Европска комисија, во 2011 во сите јуриздикции на Западен Балкан, освен Хрватска. Види дел “Документи кои послужија како ресурси” за препораките за секоја од јуриздикциите.
[8] Повеќето јуриздикции на Западен Балкан имаат преземено првични чекори за усвојување на релевантните закони и стратегии, кои ќе овозможат да се формализираат бесправно изградените куќи и населби. Во 2006, Албанија го усвои првиот Закон за легалозација, урбанизација и интегрирање на неформалните градби. Во 2009, Србија го усвои Законот за планирање и градба, со кој се дефинира последователната легализација на бесправно изградените објекти. Во 2011, следуваше усвојувањето на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во поранешна Југословенска Република Македонија и Законот за постапување со незаконски изградени објекти во Хрватска. Во моментов, во Хрватска во тек е процесот на усвојување на амандманите на Законот за постапување со незаконски изградени објекти. Црна Гора е во процес на усвојување на Закон за легализација на неформални објекти, додека пак Косово* е во процес на усвојување на Стратегија за регулирање на неформалните населби. Иако во Босна и Херцеговина нема чадор законодавство на државно ниво, бројни општини имаат усвоено Одлука за легализација на бесправно изградени објекти.

*Социјални станови*

- Општините треба да ги интензивираат своите заложби за обезбедување на адекватни/социјални станови на ромските семејства кои немаат дом или кои не поседуваат никаков имот. Тие треба да обезбедат дека новоизградените домови се поврзани со комуналните служби.
- Постојната методологија за избор на корисници на проектите за домување треба да се ревидира за да се појаснат критериумите за избор, врз основа на научените лекции од минатите искуства, и притоа да се задржи пристап ориентиран кон потребите. Улогата на комисиите за избор на корисници, улогата на Центрите за социјална работа и претставниците на Ромите треба јасно да бидат утврдени.
- За ранливите групи постепено треба да се спроведуваат специјализирани и диверсифицирани програми за домување со кои се почитуваат културолошките различности и се избегнува социјалната сегрегација.
- Независен механизам/тело за мониторинг треба да се воспостави за да се надгледува спроведувањето на проектите за домување од самиот почеток до крајот на имплементацијата.
- Владата треба да обезбеди финансиски средства за изградба на дополнителни единици за домување и дополнителна поддршка преку општинските буџети и донатори за реализација на програмите за домување.

*Стандарди кои треба да се земат предвид: **адекватно домување** е нешто повеќе од само покрив над глава. Според UN-Habitat, “адекватното домување” вклучува:*

- *Приватност & адекватен простор;*
- *Физички пристап;*
- *Адекватна безбедност;*
- *Сигурност на сопственичките права;*
- *Структурна стабилност & времетраење;*
- *Адекватно осветлување,греење и вентилација;*
- *Основна инфраструктура: водоснабдување, канализација & капацитети за управување со отпад;*
- *Погоден еколошки квалитет & здравствени фактори; и*
- *Адекватна и достапна локација во однос на работата & основните услуги*

*- сите тие треба да бидат расположливи по достапна цена.*

*Животни услови*

- Владата треба да обезбеди пристап до чиста вода и канализација во областите каде се присутни заедниците на Ромите, Ашкалиите и Еѓипќаните.
- На проектите за домување и инфраструктура во ромската заедница треба да им се даде повисок приоритет во однос на буџетирањето.

## Препораки на работната група

*Решенија во законите и политиките за легализација и подобрување на ромските населби*, извештај на г-ѓа Санела Имамовиќ, проектен менаџер, Catholic Relief Services, Босна и Херцеговина

- Како почетна точка, неопходно е да се направи анализа на основните услови – тука спаѓа и идентификување на карактеристиките на објектите за домување, било какви имотно –правни прашања, и изработка на социјална картичка за секое домаќинство (зависно од расположливите финансии и големината на населбата).
- Се препорачува да се усвои пристап за регулирање на севкупните населби преку усвојување на детален план за регулација (кој може да покрива и поширока област), наместо да се врши легализација на секој објект поединечно. Поранешниот метод се има покажано како опција за која има потреба од помала административна работа и помалку трошоци. Потоа, неопходно е земјиштето да се подели на парцели и да се легализираат објектите за домување.

- Субвенции и други ресурси треба да се обезбедат за да се поддржи процесот на легализација. Ромската заедница треба да се ангажира во изградбата на социјални станови или инфраструктура, за да се создаде посилно чувство на сопственост и одговорност.
- Доколку некои од населбите не може да се регулираат, согласно на Виенската декларација, отстранувањето на објектите за домување не треба да се започне пред да се најде алтернативно сместување за жителите.
- Јавното застапување и подигнувањето на свеста треба да продолжат понатаму за да се објасни важноста на легализацијата и можните придобивки.
- Прашањето на регистрирање во матичните служби треба да се разгледува во текот на процесот на легализација бидејќи тоа има директно влијание врз разрешувањето на овој проблем.

*Проектите за легализација и социјални станови треба да бидат придружени со други активности кои се однесуваат на социјалната инфраструктура, вклучително и на пристапот до образование, здравствена заштита и вработување*

- Проектите за легализација и социјални станови треба да бидат придружени со други активности кои се однесуваат на социјалната инфраструктура, вклучително и на пристапот до образование, здравствена заштита и вработување. Интегрирањето на овие сектори треба да се зајакне, т.е. родителите на децата кои успешно ќе ја завршат училишната година треба да бидат ослободени од давачките за легализација.
- Пристапот до можности за вработување е од суштинско значење за одржливоста на ромските населби и проектите за социјални станови.
- За да се унапреди интегрирањето на Ромите кои користат социјални станови или кои се преместени на друга локација, корисно е да се воспостави центар за следење на секој поединечен корисник и неговата/нејзината соработка со релевантните служби (вработување, образование, здравствена заштита). Ваквиот тип на мониторинг и детално и редовно известување за состојбата на корисниците треба да се вгради во проектите кои се финансирани од донатори, од самата фаза на нивна подготовкае.

<u>*Општински иницијативи за легализација и уредување на населбите*</u>, извештај на г-дин Дритан Шутина, извршен директор, НВО Ко-лан, Албанија

- Зборовите „успех" и „најдобра пракса" треба да се користат внимателно, земајќи ги предвид краткорочните и долгорочните цели, како и ризиците од сегрегација.
- Промовирањето на интегрирањето не треба да доведе до асимилација. Културолошките и други карактеристики кои постојат во ромската заедница треба да бидат признаени. Некои од карактеристиките кои ние ги гледаме како културолошки, всушност се последица на социо-економските услови.
- Владите треба да посветат внимание на законските „замки" – фокусираноста на прилагодувањето на законот на потребите и условите во целата земја може да доведе до исклучување на некои од маргинализираните групи, како што се Ромите.
- Распределбата на земјиштето е еден од примарните проблеми за отпочнување на проекти за урбанистичко уредување.
- Законите се подготвуваат за да се постигнат одредени цели, но системите за силен мониторинг се од суштинско значење за да се укаже на проблемите во спроведувањето и водат кон подобрување на законската рамка со текот на времето, согласно на реалните потреби на теренот.
- Процесот на урбанистичко планирање треба да биде повеќе партиципативен за да се задоволат потребите на целата заедница, вклучително и на Ромите.

*Ромската заедница не е предмет на, туку треба да биде партнер и член во процесот на развој на политики.*

- Ромската заедница не е предмет на, туку треба да биде партнер и член во процесот на развој на политики.

- Единиците на локалната самоуправа се соочуваат со недостиг од финансиски ресурси. Честопати, националните стратегии се усвојуваат без неопходните буџети за нивна имплементација.

## Документи кои послужија како ресурс

Закони за легализација:

- Влада на Албанија, Закон за легализација, урбанизација и интегрирање на неформалните градби, 2006
- Влада на Србија, Закон за планирање и градба, 2009
- Влада на поранешна Југословенска Република Македонија, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011
- Влада на Хрватска, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, 2011 (во тек е процес на измени на законот)
- Влада на Црна Гора, Закон за легализација на неформални објекти
- Влада на Косово*, нацрт Стратегија за регулирање на неформалните населби, 2012
- Босна и Херцеговина не располага со чадор законодавство на државно ниво, но повеќето општини имаат усвоено Одлука за легализација на бесправно изградени објекти
- Министерство за заедници и враќање во Косово*, *Прирачник за одржливо враќање,* ревидиран во јули 2006, http://www.mkk-ks.org/?page=2,42&archive=true

Закони за социјални станови:

- Влада на Хрватска, Програма за изградба на станови со јавно финансирање, 2001
- Влада на Албанија, Закон за социјални станови, 2004
- Влада на Србија, Закон за социјални станови, 2009, и Национална стратегија и акциски план за социјални станови, 2012
- Влада на Косово*, Закон за финансирање на специјални програми за домување, 2010
- Влада на Црна Гора, нацрт Закон за социјални станови, 2012
- Иако во поранешна Југословенска Република Македонија не е усвоено формално законодавство за социјални станови, во 2010, поранешна Југословенска Република Македонија усвои Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална инклузија, во која се опфатени лицата кои се социјално исклучени од секторот домување
- Босна и Херцеговина нема формални стратешки или законски документи за социјално домување, но неколку развојни проекти за социјални станови беа спроведени со поддршка од Catholic Relief Services, UNDP и Hilfswerk Austira

Меѓународна рамка:

- Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, 1966, http://www2.ohchr.org/english/law/cescr.htm
- Меѓународна конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, 1969, http://www2.ohchr.org/english/law/cerd.htm
- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, 1979, http://www2.ohchr.org/english/law/cedaw.htm
- Конвенција за правата на детето, 1990. http://www2.ohchr.org/english/law/crc.htm
- ОБСЕ Акциски план за подобрување на состојбата на Ромите и Синтите во рамки на областите на ОБСЕ, 2003, http://www.osce.org/odihr/17554
- Европска унија, *10-те заеднички основни начела за инклузија на Ромите*, 2011, http://www.coe.int/t/dg4/youth/Source/Resources/Documents/2011_10_Common_Basic_Principles_Roma_Inclusion.pdf
- Совет на Европа, Препорака Rec(2005)4 на Комитетот на министри на земјите членки за подобрување на условите за домување на Ромите и номадите во Европа, усвоена од Комитетот на министри на 25 февруари 2005 на 916-та средба на замениците министри https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=825545
- Препорака на Комесарот за човекови права за спроведување на правото на домување, Стразбур, 30 јуни 2009, CommDH(2009)5, https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=1463737

- Виенска декларација, усвоена на Светската конференција за човекови права во 1993, http://www.unhcr.org/refworld/docid/3ae6b39ec.html

Оперативни заклучоци/препораки на ЕУ за секоја јуриздикција (освен Хрватска):

- Оперативни заклучоци од семинарот за инклузија на заедниците на Роми и Египќани во рамки на интегрирањето на Албанија во Европската Унија, 15 декември 2011, Тирана, достапно на http://eeas.europa.eu/delegations/albania/documents/roma_concl_final.pdf
- Оперативни заклучоци од семинарот за инклузија на Ромите: Како во иднина во Босна и Херцеговина, 4 јули 2011, Сараево, http://www.osce.org/odihr/91134
- Оперативни заклучоци од работната средба за инклузија на Ромите и ромските бегалци, 26 јули 2011, Скопје, достапно на http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Conclusions.pdf
- Оперативни заклучоци од работилницата за инклузија на Ромите, Ашкалиите и Египќаните кои се жители и раселените лица во Црна Гора, 28 април, Подгорица, достапно на http://www.delmne.ec.europa.eu/upload/dokumenta/082011_avgust/CONCLUSIONS%20OF%20WORKSHOP%20ON%20INCLUSION%20OF%20ROMA,%20ASHKALI%20AND%20EGYPTIANS%20DOMICILED%20AND%20DISPLACED%20PERSONS%20IN%20MONTENEGRO.pdf
- Оперативни заклучоци од семинарот за социјална инклузија: Ромските прашања во Србија, 21-22 јуни, Белград, достапно на http://www.osce.org/odihr/91136
- Четириесет активности за да се поттикне спроведувањето на стратегијата и акцискиот план за Ромите, Ашкалиите и Египќаните, мај 2011, Приштина, достапно на http://eeas.europa.eu/delegations/kosovo/documents/press_corner/111608-com-ko-rae-meeting-recommendations_en.pdf

Извештаи:

- Совет на Европа, 10 заеднички основни начела за вклученост на Ромите, 2011, http://www.coe.int/t/dg4/youth/Source/Resources/Documents/2011_10_Common_Basic_Principles_Roma_Inclusion.pdf
- Fresno, Jose Manuel, Што функционира за инклузијата на Ромите во ЕУ, 2012, http://ec.europa.eu/justice/discrimination/files/whatworksfor_romainclusion_en.pdf
- UNDP, Истражување за состојбата на Ромите во 11 земји-членки на ЕУ: Survey Results at a Glance, 2012, http://ec.europa.eu/justice/discrimination/files/whatworksfor_romainclusion_en.pdf
- CRS, Препораки за развој на непрофитни/социјални станови во БиХ, октомври 2011
- Влада на Србија, Насоки за подобрување на легализацијата на неформалните ромски населби. http://www.romadecade.org/files/downloads/14th%20ISC/Guidelines%20ISC%204-5%20Sept%2008%20Macura.pdf
- Мисија на ОБСЕ во Босна и Херцеговина, Извештај за Ромските неформални населби бо Босна и Херцеговина, 2003, стр. 3. http://www.osce.org/node/14860
- ОБСЕ, Домување и населби на Ромите во југоисточна Европа, 2006, http://www.osce.org/odihr/23336